Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-359/1
31.03.2026

Постапувајќи по претставка бр. 08-638/1 од 1.9.2025 година поднесена од ----- против -----, за извршена дискриминација врз основ на возраст во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на возраст во областа на јавно информирање и медиуми од страна на ----- врз ----- и останати лица кои категоризираат како млади лица.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-638 од 1.9.2025 година, од ----- за сторена дискриминација врз основ на возраст во областа на јавно информирање и медиуми, од страна на -----.

Во претставката е наведено дека на 30.8.2025 година, на веб-страната на ----- била објавена анкета со прашањето: *„Дали денеска младите се мрзеливи?“*, во прилог на веста дека *„Во Германија за прв пат по десет години бројот на невработени лица надмина три милиони луѓе“*. Во врска со ова, се наведува дека подолу од веста, анкетата била достапна за сите посетители на веб-страната на медиумот и секој имал можност да гласа. Оттука, подносителот на претставката наведува дека ваквата содржина има негативна порака поврзана со младите лица која се проширила во јавноста и потенцијално влијаела врз општествените перцепции за оваа група, при што тврди дека формулацијата на прашањето во самата анкета го претставило младото население како група што се поврзува со негативна особина – мрзеливост. Во продолжение, се наведува дека на ваков начин се создава генерализација и етикетирање на цела возрасна група, што според подносителот претставува ризик од зацврстување на предрасуди и дискриминација врз основа на возраст. Оттука, подносителот го истакнува неговото мислење дека младите не се мрзеливи, туку напротив вредни, мудри и посветени на нивната работа, се борат за својата егзистенција и плата, вложуваат напор во образованието и професионалниот развој.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 11.9.2025 година испрати Известување бр. 08-638/2 за произнесување по наводите од претставката до -----.

На ден 29.9.2025 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на ----- како одговор на наводите истакнати во претставката за заштита од дискриминација.

Во произнесувањето, целосно се отфрлаат наводите за сторена дискриминација врз основа на возраст како неосновани, имајќи предвид дека се работи за анкета за испитување на јавното мислење. Во оваа насока, се наведува дека и самата формулација на содржината на претставката не наведува никаква настаната дискриминација, туку користи изрази кои содржат неосновани и недокажани претпоставки како „ризик од дискриминација“ и „може да доведе до дискриминација“. Дополнително на ова, потенцијалниот дискриминатор смета дека во конкретниот случај не е исполнета ниту една законска дефиниција за било кој вид дискриминација.

Во продолжение на произнесувањето, наведено е дека анкетата на која се жали подносителот не е производ и сопственост на -----, при што истиот нема авторска или било каква друга поврзаност со неа, додавајќи дека ваквата анкета е дел од една поширока комуникациска платформа која има за цел да иницира промени во општеството во насока на поголемо разбирање и толеранција меѓу луѓето, како и надминување на предрасудите кои доведуваат до отуѓеност и конфликти. Оттука, наведено е дека со кампањата, наведените теми се допираат на различни начини, при што предметната анкета имала за цел да собере информации за јавното мислење за конкретното прашање. Во прилог на претходно наведеното, кон произнесувањето се прикачени фотографии од билборди од кампањата кои биле наговестување на активното видео што беше објавено на ТВ каналите, порталите и социјалните мрежи (видео со деца во јасли, со нарација на г-динот -----).

Оттука, во произнесувањето се истакнува дека анкетата е метод на социјално истражување кој служи за прибирање информации, мислења и ставови на група испитаници по одредени прашања, при што нејзината цел е да ја испита јавната перцепција, а не да утврдува факти, ниту се изразува став на тој што ја спроведува анкетата или пак нејзиниот нарачател. Во прилог на ова, се наведува дека при социјални истражувања, често се формулираат прашања кои директно се однесуваат на постоечки стереотипи или предрасуди со цел да се утврди нивната застапеност, но прашањата и самата анкета имаат истражувачка цел.

Земајќи ги предвид наводите во претставката и произнесувањето по истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на ----- врз ----- и останати лица кои се категоризираат како млади лица.

Имено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација која согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација гласи:

*"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Од горенаведеното образложение на претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не е исполнета законската дефиниција за сторена дискриминација со објавената анкета за испитување на јавното мислење, при што согласно истакнатиот одговор во писменото произнесување од страна на -----, истата претставува начин на испитување на јавното мислење, дополнително на што вака формулиранaта анкета била објавена во рамките на кампања со цел за намалување на дискриминацијата. Оттука, Комисијата утврди дека објавувањето на конкретната анкета не претставува разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа – возраст во конкретниот случај, при што вака формулирана анкета нема за цел спречување, ограничување или уживање на правата на младите лица во споредба со повозрасни лица на еднаква основа.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став 1 од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk